Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 02-344/2
21.03 2024 год.
СКОПЈЕ
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр.05/02), а во врска со член 8-а, став 1, алинеја 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“, бр. 40/2006; 127/2006; 136/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 54/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 32/2014; 31/2015; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 57/2017; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018; 27/2019; 98/2019; 146/2019; 42/2020; 72/2020; 160/2020; 74/2021; 215/2021; 58/2024) и член 34, став 1, алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“, бр. 12/2019) и Јавниот оглас за распоредување на буџетски средства за финансирање на програми, проекти, активности и манифестации во областа на културата од интерес за Општина Ѓорче Петров за 2024 година, бр. 02-344/3 од 14.02.2024 година, градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

# ОДЛУКА

## за ставање во мирување на постапката за доделување на финансиски средства по Јавниот оглас за распоредување на буџетски средства за финансирање на програми, проекти, активности и манифестации во областа на културата од интерес за Општина Ѓорче Петров

Член 1

Се става во мирување постапката за доделување на финансиски средства по Јавниот оглас за распоредување на буџетски средства за финансирање на програми, проекти, активности и манифестации во областа на културата од интерес за Општина Ѓорче Петров за 2024 година, бр. 02-344/3 од 14.02.2024 година. Член 2

Се задолжува Комисијата за доделување на буџетски средства од Програмата за култура за 2024 година, формирана со Решение донесено од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, постапката за доделување на финансиски средства предвидени со Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2024 година за реализација на активностите од областа на културата и поддршка на невладинисот сектор за 2024 година, да ја продолжи веднаш по завршувањето на распишаните претседателски и парламентарни избори, односно по завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила и ќе се применува со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб-страната на Општина Ѓорче Петров.

Образложение:

Општина Ѓорче Петров во пропишана постапка објави Јавен оглас за распоредување на буџетски средства за финансирање на програми, проекти, активности и манифестации во областа на културата од интерес за Општина Ѓорче Петров за 2024 година, бр. 02-344/3 од 14.02.2024 година. Меѓутоа со член 8-а, став 1, алинеја 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“, бр. 40/2006; 127/2006; 136/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 54/2011; 142/2012;

31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 32/2014; 31/2015; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 57/2017; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018; 27/2019; 98/2019; 146/2019; 42/2020; 72/2020; 160/2020; 74/2021; 215/2021; 58/2024), како и со член 34, став 1, алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија", бр. 12/2019), покрај останатото е пропишано дека: од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, не може да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови, ниту да се отуѓува државен капитал, ниту да се потпишуваат колективни договори.

Од друга страна пак, со Јавниот оглас е утврдено дека одлуката за извршениот избор ќе биде објавена на веб страната на Општината Ѓорче Петров во рок од 30 дена од завршувањето на огласот.

Комисијата за доделување на буџетски средства од Програмата за култура за 2024 година, формирана со Решение донесено од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, бр. 02-344/1 од 12.02.2024 година, одржа работен состанок на 20.03.2024 година, на којшто констатираше дека на Јавниот оглас аплицирале вкупно 21 кандидат. Апликациите се примени во затворени коверти во Општина Ѓорче Петров и соодветно се архивски заверени. На истиот состанок Комисијата донесе заклучок, ковертите да не ги отвара и да не расправа за распределбата на финансиските средства сè до завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија.

Со оглед на наведеното, се одлучи како во диспозитивот на Оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Во рок од 5 дена сметано од денот на објавувањето на оваа Одлука на веб-страната на Општина Ѓорче Петров, може да се поднесе приговор против истата до Комисијата за доделување на буџетски средства од Програмата за култура за 2024 година, формирана со Решение донесено од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

Градоначалник,
Александар Стојкоски

Доставено до:
-архива

Изготвил: Е. Кучера, член на Комисија
Одобрил: Игор Јуруков, претседател на Комисија